**20191983158**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 9, член 28, член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 70 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/2016 и 171/2017 година) Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 25 септември 2019 година донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ПРАВАТА И ОБВРСКИТЕ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНОТО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**

Член 1

Во Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 18/2015, 64/2015, 96/2015, 125/2015, 191/2015, 187/2016, 146/2018 и 44/2019), членот 49 се менува и гласи:

„Право на лекови осигуреното лице остварува врз основа на пропишан лек на рецептен образец.

Лекарот е должен лекот да го пропише на рецептен образец користејќи го веб-сервисот на Фондот.“

Член 2

Во членот 50 се додаваат нови ставови 6,7 и 8 кои гласат:

„На рецептот за пропишан лек покрај својот факсимил, дежурниот лекар става и печат со број на шифра на дежурната служба.

Лекови на рецепт од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот може да пропишуваат и руралните лекари од здравствените домови.

На рецептниот образец за пропишан лек, руралниот лекар става и свој факсимил и соодветен печат со број на шифра на здравствената установа. “

Член 3

Членот 51 се менува и гласи:

„Осигуреното лице согласно одредбите од овој правилник може да оствари право на лек од Листата на лекови на товар на средствата на Фондот, врз основа на рецепт, платен придонес за здравствено осигурување и документ за лична идентификација (лична карта или пасош).“

Член 4

Членот 52 се менува и гласи:

„Лековите на рецепт лекарите ги пропишуваат по едно пакување на еден рецепт за едно осигурено лице.

По исклучок од став 1 на овој член, лековите кои се утврдени со одлука на Управниот одбор на Фондот како лекови чии оригинални пакувања се делат, лекарите ги пропишуваат на рецепт по единица дозажна форма.

За акутни болести за едно осигурено лице лекарот пропишува лек на рецепт во потребна количина за терапија најмногу до 8 дена, со упатство за начинот на употреба на лекот и времетрањето на терапијата.

За хронични болести, наркотици и опојни средства за едно осигурено лице лекарот пропишува лек на рецепт во количина за терапија најмногу до 30 дена, со упатство за начинот на употреба на лекот и времетрањето на терапијата.

За хронични болести избраниот лекар може да пропише рецепти за 180 дена терапија, со означен датум на важност на рецептот соодветно за секој месец.

Рецептот за пропишан лек за акутно заболување важи 3 дена, за пропишан наркотик и опојно средство важи 5 дена сметано од денот назначен на рецептот како датум на пропишување, а за хронично заболување важи 30 дена сметано од денот назначен на рецептот како датум на важност.

Дежурниот лекар може да пропише лек на рецепт во потребна количина за терапија до 8 дена за акутни случаи, со упатство за употреба на лекот и времетраење на терапијата.

Рецептот за пропишан лек од став 7 на овој член важи само во денот кога е пропишан лекот од дежурниот лекар.

Пропишаниот лек на рецепт од дежурен лекар во дежурна служба осигуреното лице, може да го подигне во дежурна аптека и во секоја друга аптека во текот на денот за време на важење на рецептниот образец.

За лековите на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот кои се пропишуваат по препорака на лекар специјалист/субспецијалист од соодветна медицинска специјалност или лекарски конзилиум од соодветна клиника, односно болница, препораката важи до денот на извршениот контролен преглед, но не подолго од една година од денот на издавање на препораката.“

Член 5

Членот 53 се менува и гласи:

„Аптеката издава лек на рецепт со утврдена референтна цена, согласно одредбите од овој правилник, според пропишаното генеричко име со фармацевтска форма и јачина, дозирањето на лекот и времетраењето на терапијата.

Лековите за хронични заболувања се издаваат во количина за терапија до 30 дена.

Секој издаден лек во аптеката се запишува во електронската евиденција согласно прописите од областа на здравството.“

Член 6

Членот 54 се менува и гласи:

„Избраниот лекар секој пропишан лек го запишува во здравствениот картон и во електронската евиденција согласно прописите од областа на здравството.

Дежурниот лекар, односно руралниот лекар, секој пропишан лек на рецепт го заведува во амбулантскиот дневник.“

**Преодни и завршни одредби**

Член 7

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство, а ќе се применува од 1 октомври 2019 година, освен одредбата од членот 1 став 2, која ќе отпочне да се применува по создавање на соодветни технички услови во информациониот систем на Фондот.

Бр. 02-16013/2
25 септември 2019 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
д-р **Ридван Асани,** с.р.